HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е еден од најсилните брендови на македонскиот финансиски пазар. Преку ефикасно нудење на сите банкарски услуги, создава вредност за своите клиенти, акционери и вработени. Водени од нашата визија за водечка банка во регионот, својот широк асортиман на производи го нудиме насекаде во земјата преку широката мрежа
на филијали.

Согласно тековните потреби од нововработени лица во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за следната работна позиција:

## Помлад референт за банкарски операции во Скопје – 10 извршители (Референца Бр. 007/2024)

Халкбанк АД Скопје има потреба од лица кои се ориентирани кон грижа за клиентите, на работна позиција Референт за банкарски операции која опфаќа: прием, администрација и реализација на барањата на клиентите, вкрстена продажба, директен маркетинг на производите и услугите на Банката како и редовни парични и благајнички операции.

### Потребни квалификации и карактеристики:

- Завршено високо образование од областа на економските науки;
- Без работно искуство;
- Познавањето на банкарските операции со готови пари и искуство со контакт и комуникација со клиенти ќе се смета за предност;
- Познавањето на англиски јазик е задолжително, додека познавањето на турски и/или албански јазик се смета за добредојдено;
- Ориентираност кон маркетинг и промоција на продуктите на Банката;
- Одлични комуникациски вештини и одржување на одлични односи со клиенти;
- Почитување на зададени рокови и усогласување на работењето со интерната и законската регулатива
- Способност за тимска работа;
- Ориентираност кон решавање на проблеми и критичко размислување;
- Професионален изглед и однесување;
- Познавање и активна примена од MS Office алатките.

Бенефиции:

- Основна нето плата од 30,820 денари (за кандидати без претходно релевантно искуство);
- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Доколку сте заинтересирани за позицијата и ги исполнувате условите од огласот, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до 30.04.2024 година, на следниов е-маил: career@halkbank.mk со назнака: Референца Бр. 007/2024 – Помлад референт за банкарски операции во Скопје.

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик со фотографија и мотивациско писмо. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на тестирање на знаење и/или интервју.